


**Коцкарски бизниси од милиони евра за Груби, милионски соларни панели за Ковачевски, а за народот иљадарче до две поткуп за избори, пакет на мерки кој е брутално потценување на народ**

Пакетот на мерки на СДС и ДУИ е пакет за мерки за поткуп на граѓаните

Тоа е брутално и нечовечко потценување на социјално ранливите граѓани, пензионерите, младите.

Милиони евра за коцкарниците на Артан Груби, милиони евра бизниси за соларниот бизнис на Ковачевски, 2 милијарди евра за бизниси на фирми на ДУИ и СДС, за градба на коридорите, иљадници евра од час копање во РЕК, а за народот иљадарче до две таканаречена поддршка.

Инфлацијата која порасна со оваа власт за 200 посто, ги поскапе сите производи. Таа поддршка на граѓаните, која оваа влада ја дава, се јаде во првиот ден од месецот.

Оваа власт краде од болните со рак на Онкологија а сега ќе го спасува народот со иљада денари.

Знаат дека паѓаат и оваа власт, панично се труди со потценување на народот, да спаси мал процент од тоа што не може да се спаси.

Важно е што побрзо да паднат и промените бидат поголеми.